**СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**“МЕТОДИ МИТЕВСКИ - БРИЦО” – ДЕЛЧЕВО**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА
# НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО
# СОУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ - БРИЦО “ – ДЕЛЧЕВО

**Делчево, септември 2020**

# 1.ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

| **Име на училиштето** | **Средно општинско училиште „Методи Митевски Брицо"** |
|---|---|
| **Адреса, општина** | Булевар „М.М.Брицо" број 35, 2320 Делчево |
| **Телефони** | Директор 078 220 411<br>Педагошка служба 078 372 870<br>Администрација 033 411 864 |
| **Факс** | 033 411 864 |
| **Електронска пошта** | mm_brico@hotmail.com |
| **Web страна** | www.mmbrico.edu.mk |
| **Патронен празник** | 15 април |
| **Основач** | Собрание на Општина Делчево |
| **Верификација-број на актот** | Бр.01-1773 од 31.03.1961 од Народен одбор на општина Делчево. Гимназиското образование, општествено– хуманистичко подрачје, природно– математичко подрачје и јазично– уметничко подрачје е верифицирано со Решение број 02- 2460/1 од 15.05 2004 година од Министерство за образование и наука. Текстилно кожарската струка е верифицирана со акт број 13-1576/2019 од 20.05.2020 година од Министерство за образование и наука. Хемиско-технолошката струка е верифицирана со акт број 11- 2228/3 од 08.06.2011 година од Министерство за образование и наука. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1960 |
| **Тип на градба** | Тврда градба со приземје и два ката |

| | |
|---|---|
| **Површина на објектот** | 4311 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 3350 $m^2$ |
| Начин на загревање | Нафта |
| Училиштето работи во смени | Една смена |

| Директор | Љупчо Прачкоски |
|---|---|
| Број на ученици | **400** |
| Број на ученици кои патуваат | **83** |
| Број на паралелки | **24** |
| Број на вработени | **69** |

## 2.ВОВЕД

Врз основа на Протоколот за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, Планот за одржување на наставата во среднитее училишта во учебната 2020/2021 година и Алгоритмот за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на ковид-19, со кои се уредуваат прашањата за организација и спроведување на воспитно-образовниот процес во услови кои бараат примена на низа превентивни и заштитни мерки во борба против ковид-19, како и врз основа на фактот дека училиштето е од суштинско значење за образованието и благосостојбата на децата и учениците, анализата на просторните услови на училиштето и бројот на ученици во паралелките, Развојниот тим на училиштето изработи оперативен план за организација и реализација на наставата во СОУ „Методи Митевски - Брицо " – Делчево. Овој документ ќе биде составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2020/2021 година.

# 2.УСЛОВИ ЗА РАБОТА И МОДЕЛ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

## 2.1 Анализа на условите за работа

Од основањето до денес, цели 60 години, нашето училиште се развива и менува според потребите што ги условуваат општествените промени, научниот и технолошкиот развој, истакнува модел во општината и пошироко со препознатлив белег на динамично училиште кое учениците и вработените го доживуваат како институција во која припаѓаат и уживаат.

Времето во кое живееме и делуваме со сегашните промени и предизвици поттикнуваат планирање и следење на развојот на училиштето, анализа на поставеноста и ефикасноста, негово иновирање и преобразување во нов вид училиште кое ќе ги одразува времето, потребите и прогресот.

Планирањето на активностите во сите подрачја како и ефектите кои се очекуваат од нивната реализација во голема мера зависат и се во согласност со условите во училиштето т.е. ресурсите со кои располагаме, како што се материјално-техничките, човечките, кадровите, финансиските и општите услови во локалната средина.

Училиштето ги задоволува критериумите и нормативите за простор, опрема, наставни и нагледни средства и помагала. Зградата на училиштето има користен простор од 2380 $m^2$, односно просечно по 6 $m^2$ по ученик.. Зградата располага со два влеза и со доволен број ходници и со санитарни простории.

Училишната зграда се загрева преку сопствено парно греење. Дворното место е во рамките на стандардите и опфаќа површина од од кои спортски терени, цементирана површина и училишен парк.

За одржување на училишните згради, училиштето добива материјални средства од Општина Делчево, Министерството за образование и наука и со аплицирање во проекти за истата намена.

## 2.2 Ресурси со кои располага училиштето

<table>
<tr><td rowspan="18">Материјално – технички ресурси</td><td>1 кабинет</td><td>4 канцеларии</td></tr>
<tr><td>18 класични училници</td><td>1 библиотека</td></tr>
<tr><td>2 кабинетизирани училници</td><td>1 игралиште</td></tr>
<tr><td>2 работилници</td><td>1 мултимедијален центар со 2 простории</td></tr>
<tr><td>2 спортски сали ( 1 класична голема сала и 1 мала сала)</td><td>1 библиотека</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставни средства</td></tr>
<tr><td colspan="2">Училиштето располага и со други современи наставни средства потребни за успешен воспитно-образовен процес и примена на современи наставни методи. Опременоста со наставни средства, помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати. Училиштето располага со простор и опрема кои ги задоволуваат стандардите за квалитетно изведување на наставата според наставните планови и програми кои се изведуваат во училиштето.</td></tr>
<tr><td>Број на компјутери во кабинетот по информатика</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Број на компјутери во класични училници</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Број на компјутери во кабинетизирани училници</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Број на лаптоп компјутери</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Број на LCD проектори</td><td>4</td></tr>
<tr><td>Број на интерактивни табли</td><td>3</td></tr>
<tr><td>Интернет во канцеларија</td><td>да</td></tr>
<tr><td>Интернет во кабинетот по информатика</td><td>да</td></tr>
<tr><td>Интернет во училници</td><td>не</td></tr>
<tr><td>Просторија за изолација</td><td>1</td></tr>
</table>

## 2.3 Број на ученици и вработени

| | Паралелка | Број на ученици | | Паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| I година | I-1 | 21 | II година | II-1 | 19 |
| | I-2 | 11 | | II-2 | 16 |
| | I-3 | 14 | | II-3 | 18 |
| | I-4 | 16 | | II-4 | 23 |
| | I-5 | 16 | | II-5 | 20 |
| | I-6 | 12 | | II-6 | 17 |
| | Вкупно | 92 | | Вкупно | 113 |

| | Паралелка | Број на ученици | | Паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| III година | III-1 | 25 | IV година | IV-1 | 13 |
| | III-2 | 12 | | IV-2 | 11 |
| | III-3 | 15 | | IV-3 | 16 |
| | III-4 | 18 | | IV-4 | 20 |
| | III-5 | 20 | | IV-5 | 19 |
| | III-6 | 15 | | IV-6 | 11 |
| | Вкупно | 105 | | Вкупно | 90 |

| Вработени | | Стручна подготовка | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Високо | Вишо | Средно | Нижо |
| **Наставен кадар** | Професори | 48 | 1 | | |
| | Дополнуваат од друго училиште | 3 | | | |
| **Раководител** | Директор | 1 | | | |
| | Помошник директор | 1 | | | |
| **Стручна служба** | Педагог | 1 | | | |
| | Социолог | 1 | | | |
| | Психолог | 1 | | | |
| **Административно финансиска служба** | Секретар | 1 | | | |
| | Благајник | 1 | | | |
| | Архивар, кој врши и работи за ученички прашања | | | 1 | |
| | Лаборант | | | 1 | |
| **Библиотека** | Библиотекар | 1 | | | |
| **Техничко помошен персонал** | Хигиеничари | | | 2 | |
| | Хаусмајстор | | | 1 | |
| | Мајстор-одржувач | | | 2 | |
| | Економ-домаќин | | | 1 | |
| | **Вкупно** | **69** | | | |

## 2.4 Модел за изведување на воспитно образовниот процес

Врз основа на направената анализа на просторните услови во училиштето како и бројот на ученици во паралелките, се разгледува можноста сите ученици секојдневно да ја посетуваат наставата.

Во СОУ „Методи Митевски-Брицо" – Делчево има запишано 400 ученици распоредени во 24 паралелки. Училиштето располага со доволен број на училници и постојат услови за организација на воспитно – образовниот процес со физичко присуство на учениците, односно непосредна настава со сите ученици од прва до четврта година во две смени, и тоа прва и трета година во една смена, втора и четврта година во друга смена. Смените ќе се менуваат на две недели.

Училиштето располага со два влеза за влез на учениците и вработените. На едниот влез ќе влегуваат учениците од прва и втора година во две смени, а на другиот влез учениците од трета и четврта година во две смени и ќе бидат распоредени во училници по однапред утврден распоред на првиот или вториот спрат. Секоја училница ќе ја користи само една паралелка во соодветната смена. Во секоја училница ќе бидат распоредени паралелки со 11 до 19 ученици.

Во гимназиско образование има потреба од поделба на паралелки во две групи и тоа, во прва година I-1 клас во две групи, во втора година II-4 клас во две групи и II-5 клас во две групи, во трета година III-1 клас во две групи и III-5 клас во две групи и во четврта година IV-4 клас во две групи, како и поделба на комбинираните паралелки по подрачја, општествено хуманистичко подрачје и јазично уметничко подрачје во IV-5 клас.

Во стручно образование сите четири паралелки I-6, II-6, III-6 и IV-6 се комбинирани паралелки од две струки. Општо образовните предмети ќе ги следат заедно во една училница, а на стручните предмети ќе бидат поделени во две групи за што ќе се користат работилниците во училиштето.

Учениците доаѓаат и си заминуваат од училиште сами, во придружба на родител/старател/образовен или личен асистент (за учениците со посебни образовни потреби), со организиран превоз. Има 83 ученици кои живеат во селските населби и патуваат секојдневно на настава, па поради тоа ќе се врши контрола на превозот на учениците којшто е организиран од страна на училиштето.

Во училиштето имаме наставници кои изведуваат настава и во други училишта. Во Македонска Каменица патуваат 6 наставници, од Пехчево доаѓаат 3 наставници и во основните училишта во општината 4 наставници.

За предметите кои не ги исполнуваат условите за реализирање на наставата со физичко присуство во училиштето согласно Протоколот, ќе се реализира наставата со учење од далечина. За наставата со учење од далечина ќе се употребува националната платформа за учење на далечина и тоа за вториот странски јазик и изборните предмети во втора година гимназиско образование информатичка технологија и латински јазик, односно за оние часови каде се комбинираат две или повеќе паралелки.

Зависно од бројот на часови по наставен план, ќе има спојување на часовите по одредени наставни предмети (блок часови), со присуство на еден предметен наставник, со цел да се оптимизира престојот на наставникот и учениците во просторијата.

Додатна поддршка на учениците ќе се реализира непосредно во училиштето, во зависност од временските и просторните можности, како и со употреба на националната платформа за учење од далечина.

За време на одморите ќе се почитуваат протоколите за физичка дистанца и мерките за заштита, да се намали колку што е можно повеќе физичкиот контакт, и ќе се воведе еднонасочно движење по ходниците заради избегнување на мешање помеѓу учениците од другите паралелки.

Наставниците за време на одморите ќе го сведат на минимум физичкото присуство во наставничката канцеларија.

Ќе се одржува физичката дистанца меѓу наставник и наставник/друг вработен во училиштето наставник и ученик и наставник и родител/старател на ученикот согласно протоколите.

Задолжително е носење на заштитна маска/прекривка на лицето од страна на учениците и вработените за време на престојот во училиштето, освен кога се на отворено во училишниот двор и доколку е возможно одржување на препорачаната дистанца.

Учениците кои имаат потврда од матичен лекар/педијатар дека поради својата здравствена состојба не треба да посетуваат настава со физичко присуство и истите ќе следат настава со учење од далечина. Родителот/старателот до училиштето треба да достави медицинска документација и потврда од матичен лекар.

Наставата за учениците се изведува во две смени. Наставниците во училиштето ќе доаѓаат во 7:00 часот за прва смена, односно 12:45 часот за втора смена, за да го организираат влегувањето на учениците согласно распоредот на училиштето.

Половина од паралелките во прва смена пристигнуваат во училиштето најдоцна до 7:15 часот, а втората половина најдоцна до 7:30 часот. Во втората смена првата половина од паралелките пристигнува најдоцна до 13:00 часот, а втората половина најдоцна до 13:15 часот. Наставата за прва смена започнува во 7:30 часот, а завршува во 12:15 часот. Наставата за втора смена започнува во 13:15 часот, а завршува во 18:00 часот Меѓу часовите има мал одмор од 5 минути. Големиот одмор е меѓу 2 и 3 час или меѓу 3 и 4 час и трае 15 минути.

Организирање на дежурство во училиштето, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците од минимум 1.5 метри пред и внатре во училиштето и тоа 2 дежурни наставници пред влезот на училиштето и по 2 дежурни наставници на секој спрат во училиштето. Дежурните наставници а се ангажираат од редот на вработените во училиштето, за што одлучува директорот на училиштето.

Доколку во училиштето се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19, лицето треба ќе се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка, а директорот веднаш воспоставува комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување. За преземените активности училиштето доставува извештај до општината, а општината до Министерството за образование и наука.

Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка и веднаш ги известува родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.

Доколку се потврди дека ученик е заболен од КОВИД - 19, се следат протоколите од Министерството за здравство за тој ученик, а училиштето врши консултации со Центарот за јавно здравје, за натамошно постапување со паралелката на која припаѓа ученикот.

## *РАСПОРЕД НА ЅВОНЕЊЕ*

### Прва смена I година и II година

| Час | Почеток на часот | Крај на часот |
|---|---|---|
| 1 | 7:30 | 8:05 |
| 2 | 8:10 | 8:45 |
| 3 | 8:50 | 9:25 |
| Голем одмор од 9:25 до 9:40 | | |
| 4 | 9:40 | 10:15 |
| 5 | 10:20 | 10:55 |
| 6 | 11:00 | 11:35 |
| 7 | 11:40 | 12:15 |

### Прва смена III година и IV година

| Час | Почеток на часот | Крај на часот |
|---|---|---|
| 1 | 7:30 | 8:05 |
| 2 | 8:10 | 8:45 |
| Голем одмор од 8:45 до 9:00 | | |
| 3 | 9:00 | 9:35 |
| 4 | 9:40 | 10:15 |
| 5 | 10:20 | 10:55 |
| 6 | 11:00 | 11:35 |
| 7 | 11:40 | 12:15 |

## Втора смена I година и II година

| Час | Почеток на часот | Крај на часот |
|---|---|---|
| 1 | 13:15 | 13:50 |
| 2 | 13:55 | 14:30 |
| 3 | 14:35 | 15:10 |
| Голем одмор од 15:10 до15:25 | | |
| 4 | 15:25 | 16:00 |
| 5 | 16:05 | 16:40 |
| 6 | 16:45 | 17:20 |
| 7 | 17:25 | 18:00 |

## Втора смена III година и IV година

| Час | Почеток на часот | Крај на часот |
|---|---|---|
| 1 | 13:15 | 13:50 |
| 2 | 13:55 | 14:30 |
| Голем одмор од 14:30 до 14:45 | | |
| 3 | 14:45 | 15:20 |
| 4 | 15:25 | 16:00 |
| 5 | 16:05 | 16:40 |
| 6 | 16:45 | 17:20 |
| 7 | 17:25 | 18:00 |

Учениците од една паралелка ќе престојуваат во една училница по однапред изготвен распоред. Во секоја училница ќе бидат обезбедени средства за дезинфекција, како и во санитарните простории. Училниците редовно ќе се проветруваат. Ходниците и санитарните простории ќе се дезинфицираат после секој одмор. Помеѓу двете смени обезбедена е пауза за чистење и дезинфекција на сите простории.

За време на наставата и одморите ќе има дежурни наставници, а дежурства ќе вршат и сите служби вклучени во образовниот процес. Распоредот за дежурство ќе биде направен според потребите и условите за работа на училиштето.

# 3.ХИГИЕНСКИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗАРАЗАТА ОД КОВИД-19 ВО УЧИЛИШТЕТО

Хигиенските мерки за спречување на заразата од ковид-19 во училиштето се пропишани со Протоколот за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година.

| Содржини и активности | Време на реализација | Носители |
|---|---|---|
| Едукација на наставниот и другиот кадар за начините и значењето на превенцијата од КОВИД-19 во училишната средина | Пред почетокот на учебната година | Епидемиолошка служба<br>Директор |
| Предавања и дискусии за начините и значењето на превенцијата од КОВИД-19 во училишната средина | Прва наставна недела | Класни раководители |
| Едукативни материјали и видео филмови за начините значењето на превенцијата од КОВИД-19 во училишната средина ќе бидат поставен на веб страната на училиштето и на видливи места во просториите на училиштето | Прва наставна недела | Помошник директор<br>Предметни наставници<br>Стручна служба |
| Проверка на телесната температура на учениците и знаци на респираторни инфекции | Пред поаѓање на училиште<br>Пред влегување во автобус<br>На влез во училиштето | Родител<br>Класен раководител<br>Одговорен наставник |
| Проверка на телесната температура на вработените и знаци на респираторни инфекции | Пред поаѓање на работа<br>На влез во училиштето | Вработени |
| Движење низ училиштето сведено на минимум со дистанца од 1,5 метри. Користење на тоалетите така што во тоалетите влегуваат онолку ученици колку што има кабини, а пред тоалетот се чека во ред со почитување на физичка дистанца од најмалку 1,5 метри | Во текот на престојот во училиштето | Ученици<br>Класен раководител<br>Дежурни наставници |

| | | |
|---|---|---|
| Престој во училницата – по еден ученик во клупа со обезбедено растојание од 1,5 метри, Наставата се одвива за еден клас во една училница | Во текот на наставата | Директор<br>Класни раководители |
| Наставниците и останатите вработени за цело време на престој во училиштето задолжително треба да носат заштитна маска.<br>Учениците носат заштитна маска при влегувањето во училиштето, па се до моментот кога ќе дојдат до својата клупа.<br>Маската задолжително се носи при одговарање на часот и било каков разговор, како и при било кое движење надвор од клупата, при одење на одмор или во тоалет.<br>Се препорачува учениците за цело време на престојот во училиштето да носат маски, но таа може да се тргне во периодот кога ученикот седи во својата клупа и ја слуша наставата. | Во текот на престојот во училиштето | Наставници<br>Дежурни наставници |
| Редовно миење на рацете со хигиенски исправна вода за пиење во траење од најмалку 20 секунди или со употреба на средство за дезинфекција на база на 70 % алкохол. Дезинфекцијата на рзцете со средство не може да го замени миењето на раце со вода и сапун доколку тие се видливо извалкани. После 3 до 4 дезинфекции задолжително миење на рацете со вода и сапун.<br>Поставување на постери за потсетување за правилно  миење на раце на сите видливи места каде се мијат раце. | Во текот на престојот во училиштето | Класни раководители |
| Поставување на средства за дезинфекција на база на 70% алкохол на сите влезови во училиштето и во секоја училиница(да се користат со задолжителен надзор од наставникот во училницата и дежурниот наставник). На сите места за миење раце поставување на течен сапун.<br>Едукација на учениците, наставниците и вработените за значењето на редовното миење на раце и за тоа како правилно да се одрѓува хигиената на рацете со цел за спречување на инфекцијата, како | Пред почетокот на учебната година и секој работен ден | Дежурни наставници<br>Класни раководители<br>Епидемиолошка служба |

| | | |
|---|---|---|
| и да не ги допираат очите, носот и устата со нечисти раце. | | |
| Чистење на училниците кое ќе се врши пред почетокот на наставата, во време кога учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности, со вода и сапун/детергент и со дезинфекциско средство кое делува на вируси според упатство од производителот. | Секој работен ден | Помошни работници |
| Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини. | Секој работен ден | Помошни работници |

# 4.СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Во согласност со препораките од МОН и Кризниот штаб, соработката со родителите ќе се одвива по електронски пат: Е-дневник, електронска пошта, вибер група, телефон, смс пораки, односно преку некоја онлајн апликација, којашто ќе ја договорат родителите и наставниците. Доколку дозволуваат временските услови групна родителска средба може да биде организирана во училишниот двор или малата спортска сала со почитување на хигиенските мерки, физичко растојание од најмалку 1,5 метри и задолжително носење на заштитна маска.

Родителите се должни да ја пратат здравствената состојба на своите деца и во случај на појава на респираторна инфекција и покачена температура да не го праќаат детето на училиште, а за тоа да го известат класниот раководител.

Директор

Љупчо Прачкоски